СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Вторник, 28 декември 1999 Скопје

Број 84 Год. LV

Претплатата за 1999 година изнесува 7.500 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

1967.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), согласно член 1 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93), Претседателот на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА ПО ПОВОД НОВАТА 2000 ГОДИНА

I

Потполно се ослободуваат од извршување на казната затвор осудените лица:

1. Орфеј Ќемал Селим,
2. Сашо Благоја Димовски,
3. Јован Митре Грамов,
4. Мефаил Абдираман Рамиз,
5. Горанчо Никола Илиев,
6. Алијаша Мемед Омеров,
7. Маамер Мемед Омеров.

II

Делумно се ослободуваат од извршување на казната затвор осудените лица:

1. Мирослав Симо Здравкоски, во траење од 6 месеци,
2. Васко Павле Јованоски, во траење од 3 месеци,
3. Ариф Веби Ибраимов, во траење од 6 месеци,
4. Живко Никола Ѓорѓиевски, во траење од 6 месеци,
5. Крсте Симон Петровски, во траење од 3 месеци,
6. Љупчо Благоја Зафиров, во траење од 3 месеци,
7. Мухарем Зизо Ходовиќ, во траење од 3 месеци,
8. Ратко Драган Коцевски, во траење од 3 месеци,
9. Ганија Рушит Алими, во траење од 9 месеци,
10. Енвер Бекир Несими, во траење од 9 месеци,
11. Мирсад Хасим Личина, во траење од 2 месеци,
12. Шабан Нури Хамити, во траење од 3 месеци,
13. Синиша Чедомир Симоновиќ, во траење од 3 месеци,
14. Елизабета Владо Јанчевска, во траење од 6 месеци.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-21
27 декември 1999 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

1968.

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 13 од Уставот на Република Македонија и член 14 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 63/94 и 63/98), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 27 декември 1999 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Владата на Република Македонија е избран Љубчо Георгиевски.

2. За министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани:

академик Никола Кљусев, за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана,

Доста Димовска, за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи,

м-р Џевдет Насуфи, за министер кој ќе раководи со Министерството за правда,

Александар Димитров, за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи,

Никола Груевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии,

м-р Борко Андреев, за министер кој ќе раководи со Министерството за стопанство,

д-р Милијана Б. Даневска, за министер кој ќе раководи со Министерството за трговија,

д-р Трајко Славески,за министер кој ќе раководи со Министерството за развој,

Душко Кадиевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за урбанизам и градежништво,

Тони Поповски, за министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина,

Боби Спирковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за сообраќај и врски,

Марјан Ѓорчев, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Бедредин Ибрахими, за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика

д-р Гале Галев, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование,

д-р Георги Боев, за министер кој ќе раководи со Министерството за млади и спорт,

д-р Ненад Новковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за наука,

д-р Драган Даниловски, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство,

Љубен Пауноски, за министер кој ќе раководи со Министерството за култура,

Џемали Саити, за министер кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа,

м-р Мартин Треневски, за министер кој ќе раководи со Министерството за иселеништво и

д-р Вехби Бајети, за министер кој ќе раководи со Министерството за информации.

3. За други членови на Владата, односно министри се избираат:

д-р Васил Тупурковски,
Аднан Ќахил и
Ернад Фејзулаху.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4726/1
27 декември 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

1969.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на РМ" бр. 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Лавци – Општина Битола.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5412/1
21 декември 1999 година
Скопје

Директор,
дипл. правник **Ѓорѓи Лазески**, с.р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I-СКОПЈЕ

Пред овој суд се води извршна постапка по предлог на доверителот АДЦементарница "УСЈЕ" Скопје, против должниците ПТГЗИ "Бенета" ДОО Скопје и Владо Таневски од Скопје, со последна позната адреса на судот ул."Рузвелтова" бр.15. Постапката се води врз основа на судско порамнување на Општинскиот суд Скопје И р.бр.73/94 од 24.02.1994 година, а за наплата на главен долг од 1.339.568,оо денари, со камата по пат на јавна продажба на заложената недвижност - деловен простор во Скопје, во нас Ново Лисиче, зграда Б-7 влез 3 приземје бр.4 со површина од 16,1о м2 на бул."АСНОМ" бр.14.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса за привремен застапник му се назначува Стево Меновски адвокат од Скопје, ул." Пајко Маало" бр.6, кој ќе го застапува должникот се додека должникот лично или полмномошник одреден од него не се јави во судот.

Од Основниот суд Скопје I-Скопје, И.бр.2414/99.

(43123)

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II-СКОПЈЕ

Пред овој суд во тек е постапка за утврдување право на сопственост по тужбата на тужителката Карапанџовска Цвета од Скопје против тужените Миле Дамјановски, Раде Дамјановски, Слободан Дамјановски, Душан Караџовски Кирил Караџовски сите од Скопје, со непозната адреса на живеење.

Се повикуваат тужените да се јават во судот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или да доставаат својата точна сегашна адреса на живеење.

Доколку тужените не се јават судот ќе им постави привремен застапник кој ќе ги застапува нивните интереси до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд Скопје II- Скопје,V.П.бр.-2495/99.

(42804)

Пред Основниот суд Скопје II-Скопје поведена е вонпроцесна постапка за начин на користење на двор но место по предлог на предлагачот Настева Марјана од Скопје, против тужениот Зоран Јешиќ од Скопје.со непозната адреса.

Се повикува тужениот да се јави во судот во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот и во истиот рок достави точна адреса на живеење и престојување. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во текот на постапката.

Од Основниот суд Скопје II-Скопје, ВПП.1о1/99.

(42846)

Пред Основниот суд Скопје II-Скопје се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Бајрам Мумини, застапуван од полномошник адвокат Шабан Салиу од Скопје, против тужената Бедрија Мумини со непознато место на живеење.

Судот на тужената Бедрија Мумини и назначи привремен застапник кој ќе ги штити нејзините интереси во постапката и тоа адвокатот Наташа Столевска , бул. "Македонија" бр.13-а Скопје.

Се повикува тужената да се јави во судот лично или преку полномошник во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. Доколку, тужената и нејзиниот полномошник не се. појават во судот се предупредува дека назначениот привремен застапник ќе ја застапува тужената во постапката се додека таа или нејзиниот полномошник не се појават во судот, односно додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека назначил старател.

Од Основниот суд Скопје II-Скопје, IX.П.бр.2497/99.

(43448)

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје се води спор за оспорување на татковство по тужбата на малолетните тужители Зејнепа Поробиќ и Аделиса Поробиќ застапувани од законскиот застапник нивната мајка Бахрија Поробиќ ул."Методи Митевски" бр.5/2-17, Скопје, а оваа застапувана од адвокатот Зоран Георгиевски од Скопје, против тужениот Смајо Поробиќ со непознато место на живеење.

Судот на тужениот Смајо Поробиќ му назначи привремен застапник кој ќе ги штити неговите интереси во постапката и тоа адвокатот Борис Вандев од Скопје, ул.Бојмија" 6 кула 3.

Се повикува тужениот да се јави во судот лично или преку полномошник во рок од 30 дена од објавувањето на огласот.

Доколку во овој рок тужениот и неговиот полномошник не се појават во судот истиот се предупредува дека назначениот привремен застапник адвокатот Борис Вандев од Скопје, ќе го застапува тужениот во постапката се додека тој или неговиот полномошник не ќе се појават пред судот, односно додека Центарот за социјални работи не ќе го извести судот дека назначил старател.

Од Основниот суд Скопје II-Скопје, IX П.бр.1859/99.

(43512)

ОСНОВЕН СУД ВО БИТОЛА

Пред Основниот суд во Битола поведена е вонпроцесна постапка за издавање привремена мерка забрана на продажба на недвижност по предлог на

предлагачот Борис Стефановски од са.Лажец против противниците Мирко Стојанов и Олга Стојанова од Битола, ул."Митре Врчковски" бр.13, сега со непозната адреса во странство.

За привремен застапник на противниците судот ја одреди адвокатот Ангелина Јошевска од Битола која ги, има сите права и должности на законски застапник и ќе ги застапува противниците во постапката се додека тие или нивни полномошник не се јават пред судот.

Од Основниот суд во Битола, ВПП.П.бр.283/99. (43119)

ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Основниот суд во Гостивар се води процесна постапка за долг по тужбата на тужителот Месарска продавница Радика од Дебар, сопственост на Дритан Баланца од Дебар, против туженот Ќамилоски Цеват од с.Жировница. Вредност на спорот 32.510,00 денари.

Бидејќи туженот е со непозната адреса во странство за привремен застапник му се поставува Алији Елјеса стручен соработник при Основниот суд во Гостивар.

Од Основниот суд Гостивар, П.бр.205/99. (43111)

Пред Основниот суд во Гостивар се води процесна постапка по тужбата на тужителката Ферати Фикрије од с.Жировница,застапувана од полномошникот Амир Абдулаи адвокат од Гостивар, против туженот ФератиАфрим од с.Жировница, кој се наоѓа во Р.Италија со непозната адреса .

Бидејќи туженот Ферати Африм е со непозната адреса за привремен застапник му се поставува неговиот стрико Ферати Ризван од с.Жировница.

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр.98/98.(43116)

Пред овој суд по предлог на предлагачот Синани Илјаз од с.Чајле, се води постапка за докажување на смртта на лицето Синани Зелије од с.Чајле, родена на 21.02.1914 година, во с.Падалиште од татко Усеин Синани и мајка Цулсиме Синани.

Се повикува лицето Синани Зелије од с.Чајле, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" и на огласната табла при овој суд да се јави во судот, а истовремено ги повикува сите лица кој што знаат нешто за нејзиниот живот да му соопштат на судот. По истекот на определениот рок доколку повиканото лице не се јави на овој суд ќе се смета дека истото починало.

Од Основниот суд во Гостивар, Р.253/99. (42364)

Пред овој суд по предлог на предлагачот Синани Исак од с.Чајле, се води постапка за докажување на смртта на лицето Синани Фуат од с.Чајле роден на 3.09.1919 година, од татко Синани Ќамил и мајка Садику Цева.

Се повикува лицето Синани Фуат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ и на огласната табла при овој суд да се јави во Основниот суд во Гостивар, а истовремено ги повикува и сите лица кои нешто знаат за неговиот живот да му го соопштат на овој суд.

Доколку лицето Синани Фуат во определениот рок не се јави во Основниот суд во Гостивар, ќе се смета дека истото е починато.

Од Основниот суд во Гостивар, Р.бр.259/99. (42365)

Пред овој суд по предлог на предлагачот Шаини Мехмет од с.Чајле, се води постапка за докажување на смртта на лицето Шаини Емрије од с.Чајле родена на 27.12.1923 година.

Основниот суд во Гостивар го повикува лицето Шаини Емрије од с.Чајле, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" и на оглсната табла,на овој суд да се јави во Основниот суд во Гостивар. Судот истовремено ги повикува сите лица кои нешто знаат за нејзиниот живот тоа да му го соопштат на овој суд. По истекот на рокот од 15 дена доколку повиканото лице не се јави во овој суд ќе се смета дека истото е починато.

Од Основниот суд во Гостивар, Р.бр.225/99. (42369)

Пред овој суд по предлог на предлагачот Мустафи Шефи од Гостивар, се води постапка за докажување на смртта на лицето Шерибаре Мустафи живеела во нас.Питарница Гостивар, родена на 5.о5.1936 година во с.Равен од татко Ќазими Зеќир.

Основниот суд во Гостивар, го повикува лицето Мустафи Шерибаре од Гостивар, во рок од 15 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" и на огласната табла при овој суд да се јави во Основниот суд во Гостивар. Судот истовремено ги повикува сите лица кој што знаат нешто за нејзиниот живот тоа да му го соопштат на овој суд.

По истекот на определениот рок доколку ова лице не се јави ќе се смета дека истото е починато.

Од Основниот суд во Гостивар, Р.бр.135/99. (42375)

Пред овој суд по предлог на предлагачот Рамадани Гази од Врањовце, се води постапка за докажување на смртта на лицето Нецби Рамадани од с.Врањовце, роден 12.04.1919 година од татко Касам Рамадани и мајка Беглије Рамадани.

Основниот суд во Гостивар го повикува лицето Рамадани Нецби во рок од 15 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" на огласната табла при овој суд да се јави во Основниот суд во Гостивар, а истовремено ги повикува и сите лица кој нешто знаат за неговиот живот тоа да му го соопштат на овој суд. По истекот на предвидениот рок доколку повиканото лице не се јави на овој суд ќе се смета дека истото е починато.

Од Основниот суд во Гостивар, Р.бр.346/99. (42376)

Пред овој суд по предлог на предлагачот Зеќири Ќазим од Гостивар, ул."Никола Парапунов" бр.49, се води постапка за докажување на смртта на лицето Зеќири род.Илиќ Катерина, родена на 16.01.1957 година, во Пепевац - Крушевачки СР Југославија.

Се повикува лицето Зеќири Катерина во рок од 15 дена, од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" и на огласната табла при овој суд да се јави во Основниот суд Гостивар, а во исто време се повикуваат сите лица кои нешто знаат за нејзиниот живот тоа да му го соопштат на овој суд.

Доколку повиканото лице не се јави во наведениот рок ќе се смета дека истото е починато.

Од Основниот суд во Гостивар, Р.бр.227/99. (42378)

Пред овој суд по предлог на предлагачот Хамзаи Фаик од с.Врапчиште, се води постапка за докажување на смртта на лицето Хамзаи Хазбие од с.Вра-

пчиште, родена на 19.07.1913 година, од татко Јусуф Хамзаи и мајка Ќамиле Хамзаи.

Се повикува лицето Хамзаи Хазбие од с.Врапчиште да се јави во рок 15 дена од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" и на огласната табла во судот и истовремено се повикуваат сите лица кои знаат нешто за нејзиниот живот тоа да го соопштат во судот. По истекот на рокот од 15 дена доколку повиканото лице не се јави во судот ќе се смета дека истото е починато.

Од Основниот суд во Гостивар, Р.бр.283/99. (42380)

Пред Основниот суд во Гостивар се води постапка за надомест за сторени адвокатски трошоци по тужбата на тужителот Неим Салмани адвокат од Гостивар против туженото Џафери Џезаир од с.Лакавица-Гостивар, сега со непозната адреса во Сараево Република Босна и Херцеговина .Вредност на спорот 46.080 денари.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса за привремен застапник му се поставува Алиу Елјеса, стручен соработник при Основниот суд во Гостивар.

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр.1374/96-I.

(42383)\\

ОСНОВЕН СУД ВО ДЕБАР

Пред Основниот суд во Дебар се води постапка за определување на издршка по тужбата на тужителот Демироска Фатима од Дебар, против тужениот Демироски Шабан од Дебар, сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот да се јави во судот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот и да ја достави сегашната адреса на живеење. Доколку не се јави во определениот рок нејзините интереси ќе ги застапува привремен застапник до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд во Дебар, П.бр.235/99. (42362)

ОСНОВЕН СУД ВО КОЧАНИ

Пред Основниот суд во Кочани поднесена е тужба за развод на брак по тужбата на тужителката Севинч Пагелс со стан на ул."Славчо Стојменов" бр.40 Кочани, против тужениот Хартмут Јоханес Паул Пагелс а сега со со непозната адреса. Вредност на спорот 60.000,оо денари.

Се повикува тужениот да се јави во судот или да постави свој полномошник кој ќе ги штити неговите права и интереси во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот, а доколку не се јави ќе му биде поставен привремен застапник, дипломиран правник со положен правосуден испит Сузана Спасовска , стручен соработник во судот кој ќе ги штити неговите права и интереси до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд во Кочани, П.бр.465/98. (42397)

Пред Основниот суд во Кочани се води спор за долг по тужбата на тужителот ППС "Конико" -Кочани ул."К.Кикеноски" бб против тужениот Валентин Славев од с.Зрновци . Вредност на спорот 8.070 денари.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во овој суд или да определи свој полномошник. Доколку тоа не го стори во определениот рок за негов привремен застапник се поставува Силвана Мишева од Кочани која ќе ги застапува интересите на тужениот до окончувањето на постапката.

Од Основниот суд во Кочани, П.бр.298/98. (42872)

ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд се води вонпарнична постапка по предлог на предлагачот Кадри Кадријевиќ од Куманово,за утврдување на смртта на лицето Бехлуљи Јусуф порано од Куманово. Се повикува Јусуф Бехлуљи од Куманово, роден на 4.02.1892 година во Рајинце СРЈ од татко Кадри и мајка Ајмоне Бехлуљи, да се јави или други лица што знаат за неговиот живот во Основниот суд Куманово, соба бр.16/1 во рок од 15 дена од објавувањето на огласот. Во спротивно, повиканото лице Јусуф Бехлуљи од Куманово, ќе се прогласи за умрено.

Од Основниот суд во Куманово. Р.бр.166/99.(42238)

Пред Основниот суд во Куманово во тек е постапка за утврдување на сопственост по тужбата на тужителот Афуз Алији од с. Лојане-Куманово, против тужениот Асановски Илмија со посебно живеалиште во Куманово, ул." Борис Кидрич" бр.28, а сега со непозната адреса во Република Хрватска.

На тужениот за привремен застапник му се назначува адвокатот Славе Илиевски од Куманово. Привременото застапник ќе го застапува тужениот во постапката се додека тој или неговиот полномошник не се појават пред судот, односно додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека назначил старател.

Од Основниот суд во Куманово,VII.П.бр.18о7/99.

(42617)

Пред Основниот суд во Куманово се води парнична постапка по тужбата на тужителот Петар Крстиќ од Куманово, против тужениот Станоја Златановиќ од с.Речица, сега на привремена работа во Германија.

Се повикува тужениот да во рок од 30 дена се јави во судот да остави своја адреса или назначи свој полномошник. Доколку во овој рок не се јави тужениот ниту било пак кое лице го извести судот за точната адреса на тужениот судот ќе му постави привремен застапник адвокатот Тони Цветковски.

Од Основниот суд Куманово, В.П.бр.2405/98.(42705)

ОСНОВЕН СУД ВО РЕСЕН

Пред овој суд во тек е постапка за утврдување право на сопственост со одршка по тужбата на тужителот Танас Методија Тасевски од с.Г.Дупени-Ресен против тужените Екрем А.Алиевски и Дилавер И.Бабевски, двајцата од Ресен, сега со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 40.000,оо денари.

Се повикуваат тужените Екрем А.Алиевски и Дилавер И.Бабевски во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот, на судот да му достават точни адреси или да одредат свој полномошници. Во спротивно, судот по службена должност ќе им постави привремен застапник кој ќе ги застапува нивните права и интереси се до окончување на постапката пред овој суд.

Од Основниот суд во Ресен, П.бр.209/98. (42615)

Пред овој суд во тек е постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Науме Барандовски од

Ресен, сега во Чикаго-Илиноис-САД, против тужената Мирјана Барандовска, род.Шентевска, моментално во Чикаго-САД со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 60.000,оо денари.

Се повикува тужената во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на огласот, на судот да му достави точна адреса или да одреди свој полномошник. Во спротивно, судот по службена должноста ќе и постави привремен привремен застапник кој ќе ги застапува нејзините права и интереси се до окончувањето на постапката пред овој суд.

Од Основниот суд Ресен, П.бр.169/98. (42687)

ОСНОВЕН СУД ВО СТРУМИЦА

Пред Основниот суд во Струмица заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителот Милошев Жаклин од Струмица, против туженот Милошев Саша со непозната адреса.

Се повикува туженот да се јави во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот, или во тој рок на судот да му достави точна адреса. Доколку истиот не се јави во тој рок ќе му биде поставен за привремен застапник лицето Босиљанова Славица, стручен соработник при овој суд која ќе ги застапува интересите на туженот се додека тој или пак негов полномошник не се јават пред судот.

Од Основниот суд во Струмица, П.бр.968/98.(42688)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово се води спор за исполнување на договор по тужбата на тужителот Фасли Шефки Алим од с.Слатина-Тетовско, против туженот Ризвани Бецетов Исмаил Нешат од с. Слатина, а сега со непозната адреса во САД.

Се повикува туженот да се јави во судот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот , да определи свој полномошник или да ја достави својата точна адреса на живеење. Во спротивно, судот ќе му постави привремен застапник кој ќе ги штити неговите права и интереси и ќе го застапува во постапката до нејзино правосилно оконончување.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.1183/99. (42385)

Пред овој суд се води спор за сопственост по основ на издршка по тужбата на тужителот Котевски Лазо од с.Доброште против туженот Златановски Лазар од с.Доброште сега со непозната адреса во странство. Вредност на спорот 50.000,оо денари.

Се повикува туженот да се јави во судот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или во истиот рок да овласти свој полномошник во земјата. Во спротивно, судот ќе му постави привремен застапник кој ќе се грижи за неговите интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово,П. бр.1097/99. (42389)

Пред овој суд се води спор за исполнување на договор за продажба по тужбата на тужителот Ферати Нухи од с.М.Речица, против туженот Валедин Муареми од с.Камењане сега со непозната адреса во Косово, СР Југославија. Вредност на спорот неопределна.

Се повикува туженот да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или во истиот рок овласти свој полномошник во земјата. Во спротивно, судот ќе му постави привремен старател преку ЦСР Тетово, кој ќе се грижи за неговите интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово,1173/98. (43578)

Пред Основниот суд во Тетово во тек е постапка за долг по тужбата на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на република Македонија-Подрачна единица Тетово, против тужените Османи Нецат од с.Порој и Авдија Мефаил од с.Пирок сега со непозната адреса во странство.

Се повикува туженот да во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во Основниот суд во Тетово или да овласти свој полномошник. Во спротивно, судот преку Центарот за социјални работи Тетово ќе му постави старател кој ќе ги штити неговите права и интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.939/99. (42392)

Пред Основниот суд во Тетово се води попстапка за развод на брак по тужбата на тужителот Беадини Беадин Аливеби од с.Шипковица, против тужената Беадини род. Зото Татјана од Тирана, со непозната адреса.

Се повикува тужената да се јави во судот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот, да достави нејзината адреса или постави свој полномошник кој ќе ја застапува во предметот. Во спротивно, по истекот на овој рок судот по службена должност преку Центарот за социјални работи во Тетово ќе одреди привремен старател кој ќе се грижи за нејзините права и интереси до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.1204/99.(43109)

Пред Основниот суд во Тетово, се води постапка за регрес по тужбата на тужителот А.Д. за осигурување "Вардар"-градски зид -блок 8- Скопје, против туженот Усеини Таип од с.М.Речица -Тетово, сега на привремен работа во Италија, со непозната адреса. Вредност на спорот 37.465,00 денари.

Се повикува туженот во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот да се јави во судот да ја достави неговата адреса или да одреди свој полномошник кој ќе го застапува пред судот до правосилното окончување на потапката. Во спротивно, судот преку Ц.С.Р. Тетово, ќе бара поставување на привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.996/99. (43109)

Пред Основниот суд во Тетово е поведен бракоразводен спор по тужбата на тужителот нас Нуран Кука од Тетово, против Зејнел Кука од Дебар, сега со непозната адреса во Германија.

Се повикува туженот да се јави на Основниот суд во Тетово во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или да определи полномошник. Во спротивно, преку Центарот за социјални работи Тетово, ќе му биде одредеден перивремен застапник кој ќе го застапува до правосилното завршување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.1032/99. (43573)

Пред Основниот суд во Тетово во тек е постапка за измена на одлука за издршка на дете по тужбата на

тужителката Хава Рамадани од Тетово, ул."Г.Ј.Питу" бр.15 против тужениот Муамет Рамадани од Тетово ул.К.Ј.Питу" бр.15, сега со непозната адреса во СР Германија.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во Основниот суд во Тетово, или да овласти свој полномошник. Во спротивно, судот преку Центарот за социјална работа Тетово ќе му постави привремен старател кој ќе ги штити неговите права и интереси до завршувањето на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.1059/99. (43566)

Пред Основниот суд во Тетово, се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Мариола Васовиќ од Тетово, против тужениот Горан Васовиќ од Тетово а сега со непозната адреса во СР Југославија.

Се повикува тужениот да се јави во судот да достави адреса или да овласти полномошник кој ќе го застапува во оваа постапка до нејзиното окончување.

Во спротивно, судот преку Центарот за социјална работа во Тетово, ќе му постави привремен застапник во рок од 30 дена објавувањето на огласот.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.1191/99. (43570)

ОСНОВЕН СУД ВО ШТИП

Пред Основниот суд во Штип покренатa е постапка за докажување на смртта на Јана Миткова од с.Брест, родена на 3.03.1926 година, во с.Зрново-Драма, Грција со последно живеалиште во с.Брест општина Штип, најдена мртва во својата куќа на ден 8.09.1997 година во 9 часот.

Се повикува секој кој знае за денот и часот на смртта на Јана Миткова од с.Брест да се јави во судот во рок од 15 дена од објавувањето на огласот.

Од Основниот суд во Штип, ВПП. Бр.63/99.(42831)

Пред Основниот суд во Штип поведена е постапка за поништување на договор за подарок на недвижен имот за в.I бр.752/95 од 14.08.1995 година по тужбата на тужителите Борис Митрев, Симеон Миланов Александар Темелков сите од Штип, и Катица Блажевска од Скопје, против тужениот Павле Митров, на привремен престој во Нов Зеланд, со непозната адреса.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во судот и да достави точна адреса на престојување или да определи свој полномошник. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе ги застапува неговите интереси до завршувањето на постапката.

Од Основниот суд во Штип,П.бр.301/97. (42875)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 5700/98, на регистарска влошка бр. 020011537?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар Трговското друштво за производство на моторни и индустриски масла, трговија и услуги „ЗСТ" Тони и др. ДОО, увоз-извоз, бул. „Партизански одреди" бр. 119, Скопје.

Содружници: Тони Станковски од Скопје и Претпријатие за промет на големо и мало и услуги „С.Т. и Л" експорт-импорт, ЦО, бул. „Партизански одреди" бр. 119, Скопје.

Дејности: 01.30, 20.10, 23.20, 28.11, 29.12, 37.10, 37.20, 50.10, 50.20, 50.30, 50.40, 51.11, 51.12, 51.19, 51.31, 51.32, 51.34, 51.39, 51.41, 51.42, 51.51, 51.53, 51.54, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.64, 51.70, 52.11, 52.12, 52.22, 52.48, 52.50, 55.30, 55.40, 55.51, 60.21, 60.22, 60.23, 63.40, 74.84, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување, застапување на странски лица, реекспорт, продажба на стоки од консигнациони складови, меѓународен транспорт и шпедиција.

Друштвото во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, а за обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со целокупниот свој имот.

Лице овластено за застапување на друштвото во внатрешниот и надворешниот трговски промет е Љиљана Станковска, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 5700/98. (42168)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 13777/99, на регистарска влошка бр. 020211767-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДОО на Друштвото за трговија „ТОГОС" Љупчо и други, ДОО, ул. ГТЦ I лок. 119, Скопје.

Основачи: Угуровски Љупчо, Кондовски Љупчо и Томиќ Горан, сите од Скопје.

Дејности: 50.30/1, 50.30/2, 51.16, 51.17, 51.22, 51.41, 51.42, 51.32, 51.42/1, 51.42/2, 51.45, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.25, 52.26, 52.22, 45.44, 45.41, 45.42, 45.43, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи.

Друштвото во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, а за обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со целокупниот свој имот.

Томиќ Горан, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 13777/99. (42169)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 4124/99, на регистарска влошка бр. 020201837-8-09-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Друштво за транспорт и услуги „ГЛОБТРАНС" Трајан ДООЕЛ увоз-извоз, ул. „11 Октомври" бр. 17, Скопје.

Дејност: 50.10, 50.30/1, 50.30/2, 50.40/1, 50.40/2, 50.50, 51.11, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.46, 51.47, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.63, 60.24, 63.21, 63.40, 65.12/3, 70.31, 71.31, 71.32, 71.33, 71.34, 71.40, 74.12, 74.84, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, реекспорт, застапување на странски правни и физички лица, посредување во прометот на стоки и услуги, превоз на стоки во меѓународниот друмски сообраќај, услуги во меѓународна шпедиција, консигнациона продажба.

Во правниот промет со трети лица друштвото истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства.

Управител е Василевски Дејан без ограничувања.

Во надворешниот трговски промет друштвото ќе го застапува Василевски Дејан, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 4124/99. (42173)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 13497/99, на регистарска влошка бр. 02021063?-6-06-000, го запиша во трговскиот регистар запишувањето на ТП Авто такси „ТОЛЕДО" Рецеп Абдурахман Лимани, с. Шишево, Скопје.

Дејност: 60.62, 60.23, 60.21, 60.24.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и на своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара со целокупниот свој имот.

За управител без ограничувања се именува Рецеп Лимани.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 13497/99. (42174)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 13049/99, на регистарска влошка бр. 02021060?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало „ВАР-ТУР КОМПАНИ", Рецеп и др. ДОО, експорт-импорт, ул. „106-а" бр. 10, Скопје.

Основачи: Рецеп Идриз од Скопје, ул. „7-ми јули" бр. Харун Јашар од Р Турција, Истанбул, Фатих нас. К. М Паша.

Дејности: 15.98/2, 17.40/1, 17.40/2, 19.20, 19.30, 36.62, 50.20, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 51.23, 51.16, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.64, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 52.73, 60.22, 60.21, 63.30, 63.40, 65.12/3, 55.40, 74.84, надворешна трговија со прехранбени производи, посредување, консигнација.

Друштвото во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет одговара со целокупниот свој имот со кој располага.

За управител без ограничување се именува Рецеп Идриз, кој е застапник и во надворешно-трговскиот промет без ограничувања.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 13049/99. (42175)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 13373/99, на регистарска влошка бр. 02021053?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Друштво за производство, трговија и услуги „ДЕНИС 99" Ремзије ДООЕЛ, ул. „7 Јули" бр. 59, Скопје.

Основачи: Ремзије Вејсел од Скопје, ул. „7 јули" бр. 59, Скопје.

Дејност: 17.40/1, 17.40/2, 17.54/1, 17.54/2, 18.10, 18.21, 18.22, 18.23, 18.24, 19.20, 19.30, 50.10, 50.20, 50.30, 50.40, 50.50, 51.11, 51.16, 51.17, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 55.11, 55.12, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 65.12/3, 74.40, 74.84, 93.01, 83.02, 93.05, откуп на земјоделски производи, откуп на сточарски производи, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, реекспорт, посредување и застапување во надворешно-трговскиот промет, консигнација, комисиони работи, реекспорт, малограничен промет со Република Грција, Република Бугарија, Република Албанија и СР Југославија.

Друштвото во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сиот свој имот.

Во внатрешно и надворешно трговскиот промет како управител без ограничување е именуван Абноре Мемети.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 13373/99. (42176)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 13092/99, на регистарска влошка бр. 02020584?-8-09-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Друштвото за транспорт и шпедиција „БОСФОР ТРАНС" Аднан ДООЕЛ, с. Студеничани.

Дејност: 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.11, 63.12, 63.21, 63.40, меѓународен превоз на стоки во друмскиот сообраќај, меѓународна шпедиција.

Аднан Сабрија, управител без ограничувања.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 13092/99. (42177)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 13431/99, на регистарска влошка бр. 02019981?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Друштвото за трговија, угостителство и услуги „ЕНКО КОМЕРЦ" Алма, ДООЕЛ, ул. „Џон Кенеди" бр. 9, Скопје.

Основач е Алма Хаџибулиќ, ул. „Ресенска" бр. 35/1-13, Скопје.

Средствата за основање изнесуваат вкупно: 155000 денари или 5.000 ДМ.

Не одговара а ризикот го сноси во висина на основачкиот влог.

Дејност: 50.10, 50.20, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 51.25, 51.31, 51.32, 51.34, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 52.11, 52.24, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 55.11, 55.30, 55.30/2, 55.40, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.30, 63.40, 74.40, 93.01, 93.02, 99.01, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, малограничен промет со Бугарија, Грција, СР Југославија и Албанија.

Друштвото во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 13431/99. (42178)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 6076/99, на регистарска влошка бр. 02020196?-6-06-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ТП Авто такси „ПЕЦКО" Сашо Мичо Пецуров, ул. „М. Митевски" бр. 12/3/1, Скопје.

Дејност: 60.22.

Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара лично, со целиот свој имот.

Овластен потписник: Сашо Пецуров, управител со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 6076/99. (42179)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 4561/99, на регистарска влошка бр. 02020123?-6-06-000, го запиша во трговскиот регистар запишувањето на ТП Авто такси „ТИНА" Милорад Илија Јазаџиќ, ул. „Боро Менков" бр. 121/6-7, Скопје.

Дејност: 60.22.

Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара лично, со целиот свој имот.

Овластен потписник е Милорад Јазаџиќ, управител со неограничени овластувања.

Основач е Милорад Јазаџиќ, ул. „Боро Менков" бр. 121/6-7.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 4561/99. (42180)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 12825/99, на регистарска влошка бр. 02020939?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар Трговското друштво за производство, трговија и услуги „ТРАЈКОВ И СИЕ" Зоран увоз-извоз, ул. „Париска" 6-а, Скопје.

Содружници: Огненовски Зоран од Скопје, ул. „Париска" 6-а, Скопје, Марио Томов Трајков од Бугарија, ул. „Цар Борис" бр. 89, Софија. Основачки влог во ствари 51% према 49% за домашниот основач.

Вкупно влог: 159.200,00 денари или денарка противвредност на 5.133 ДЕМ.

Дејности: 15.32, 15.33, 15.91, 15.92, 15.93, 15.94, 15.95, 15.96, 15.97, 15.98, 15.98/1, 15.98/2, 50.10, 50.20, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.40, 50.40/1, 50.40/2, 50.40/3, 50.40/4, 50.50, 51.11, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.21, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 55.11, 55.12, 55.21, 55.21/1, 55.21/2, 55.22, 55.23, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.51, 55.52, 60.10, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 60.30, 61.10, 61.20, 62.10, 62.20, 63.11, 63.12, 63.21, 63.22, 62.23, 63.30, 63.40, 71.34, 74.84, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, застапување и посредување во прометот со стоки и услуги, консигнација, реекспорт, комисиона продажба, меѓународна шпедиција, услуги во меѓународниот транспрот на стоки и патници, туристички и угостителски услуги, агенциски услуги во областа на транспортот, малограничен промет со Бугарија, Грција, Албанија и СР Југославија.

Управител со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот трговски промет е Огненовски Зоран од Скопје.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 12825/99. (42181)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ

Основниот суд во Гостивар со решението Зг.бр. 65/99 во регистарот на здруженија на граѓани и фондации Основниот суд во Гостивар, под Рег.бр. 72/99 го запиша Здружението на медицински сестри, акушери, техничари и лаборанти-албанци на Гостивар, Република Македонија, кое го застапува неговиот претседател Рукмедије Зеќири.

Работата и активностите на Здружението ќе се однесуваат во рамките на Уставот и законите да се грижи за почитување на етиката на правните норми за вршење на медицинската практика, поттикнување на стручното усовршување, преземање мерки за спречување и откривање на заразни болести, преземање на работи за превентивно делување согласно Законот за здравствена заштита и друго.

Од Основниот суд во Гостивар. (43082)

Основниот суд Скопје II – Скопје со решение II.Рег.Зг.бр. 265/99 година во Регистарот на Здруженија на граѓани и фондации го запиша следното:

Се усвојува предлогот на Здружението на граѓани „Турски светски конгрес" од Скопје.

СЕ ОДОБРУВА уписот во Регистарот на Здруженија на граѓани и фондации на Здружението на граѓани „Турски светски конгрес" со седиште на ул. „Ферид Бајрам" бр. 16-а Скопје.

Дејноста на здружението на граѓани „Турски светски конгрес" е: да се залага за задоволување на културни, научни, воспитни, социјално хуманитарни, спортски, стручни, економски и солидарни интереси, сестрана изградба на личноста на членовите кон развивање на нивните културни способности, нивна еманципација во тренд на современото живеење, публикување на изданија за едукативна дејност, и објавување печатење на истите на турски јазик, и тоа на дела потврдени од еминентни македонски автори, соработка со Здруженијата во Македонија, за остварување на целите и задачите.

Со денот на запишувањето во Регистарот Здруженија на граѓани „Турски светски конгрес" од Скопје, се стекнува со својство на правно лице.

Од Основниот суд Скопје II – Скопје. (43122)

Основниот суд Скопје II – Скопје, со решение II.Рег.Зг.бр. 262/99 од 4.11.1999 година во Регистарот на Здруженија на граѓани и фондации го запиша следното:

Се усвојува предлогот на Карате клуб – Скопје од Скопје.

Се одобрува упис во Регистарот на граѓани и фондации на Карате клуб – Скопје од Скопје со седиште на ул. „Јани Лукроски" бр. 5.

Дејноста на КАРАТЕ КЛУБ-СКОПЈЕ е: поттикнување, омасовување, развој и унапредување на Карате спортот, координирање и усогласување на програмските активности на членовите, водење грижка за квалитетот на своите членови, и нивно учество на сите карате натпревари и манифестации водење грижа за објектите во кои се одвива дејноста, грижа за унапредување на здравствената заштита на каратистите, учество во државните меѓународни натпревари од пријателски и официјален карактер, развивање соработка со сите карате клубови во државата.

Со денот на запишувањето во Регистарот Карате клуб-Скопје од Скопје, се стекнува во својство на правно лице.

Од Основниот суд Скопје II – Скопје. (43236)

Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации при Основниот суд Кавадарци под реден број Рег.Згф.бр. 78/99 година се запишува здружение под име: Здружение за грижи и воспитување на децата на Општината Кавадарци, кое ќе се залага за остварување правата на децата; развивање на хуманизмот и чувството на граѓанинот како слободен творец; воспитување и образование со еднакви можности за сите деца;

здрав живот за секое дете, социјална сигурност на сите деца, заштита на сите деца од сите видови злоупотреби, насилство и искористување, унапредување на детското здружување; одмори и рекреација на децата; културно и уметничко рекреативно и разновидни слободни активности на децата од предучилишна и основно училишна возраст, меѓународна соработка на децата, соработка со родителите, прифаќање на сите граѓани кои доброволно сакаат да придонесуваат на доброто на децата".

Седиштето на здружението се наоѓа во Кавадарци на ул. „7-ми септември" бб, а ќе делува на подрачјето на Општината Кавадарци и Општината Росоман.

Од Основниот суд во Кавадарци. (43595)

Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации при Основниот суд Кавадарци под реден број Рег.Згф.бр. 66/99 за 1999 година се запишува Здружение под име: општински сојуз на училишен спорт Кавадарци, од Кавадарци, кое ќе се залага за ангажирање за формирање на спортски друштва, секции и спортски школи во основните и средните училишта, утврдување на единствени мерила и критериуми за системот на натпреварите и раководењето со општинските натпревари; грижа за развојот на училишниот спорт на учениците од прво до осмо одделение, и од први до четврти клас во средните училишта, ангажирање, за преку училишниот спорт да се превентираат деформитетите во скелетот на учениците и, ако веќе настапиле – преземање сметки за нивна санкција.

Седиштето на здружението е во Кавадарци во спортската сала „Јасним".

Од Основниот суд во Кавадарци. (43597)

Основниот суд во Тетово објавува дека во Регистарот на Здруженија на граѓани и фондации под РЕГ.ЗГФ. бр. 172/99 се запишува „Здружение за поддршка на семејства и семејства во ризик" со скратен назив „Здружение за среќно семејство".

Работата и активности на Здружението е давање поддршка на семејствата низ фокусирана групна терапија и групи за самопомош а со цел на јакнење на нивниот систем за опстанок; спроведување на активности насочени кон подобрување на здравјето на семејството; спроведување на образовни семинари; стекнувања на знаења и вештини, а во согласност со желбите и потребите на корисниците и пошироката заедница и слично.

Седиштето на Здружението е во Тетово на ул. „121" бр. 2, а исто ќе делува на подрачјето и на општина Тетово и пошироко.

Од Основниот суд во Тетово. (43600)

Основниот суд во Гевгелија со решение Зг. бр. 21/98 од 10.2.1999 година го запишa во регистарот на Здруженија на граѓани и фондации Општинскиот противпожарен сојуз „Валандово" од Валандово, со седиште во Валандово. Иницијатори за усогласување на ова Здружение се: 1. Ванчо Гошевски, 2. Спасо Јанев, 3. Петар Пандев, 4.Миле Боев, 5. Ѓорѓи Вучков сите од Валандово.

Основната дејност на Здружението е: омасовување на организацијата, преземање мерки за заштита од пожар, организирање превенцијата за заштита од пожар, организирање советување и семинари за заштита од пожар и други.

Лице овластено да го застапува Здружението е Миле Боев од Валандово. Подрачјето на дејствување на ова здружение е територијата на Општина Валандово.

Од Основниот суд во Гевгелија. (9736)

Основниот суд во Кочани со Решение Зг.бр. 42/99 од 17.12.1999 година во регистарот на Здруженија на граѓани и фондации го запиша Карате клубот „Кочани" од Кочани со седиште во Кочани на ул. „Никола Карев" бб.

Лице овластено за застапување на Карате клубот „Кочани" Кочани е претседателот на претседателството на клубот Игорчо Каров од Кочани.

Работата на активностите на Карате клубот „Кочани" – Кочани ќе се однесуваат на: спроведување на одлуките, ставовите и заклучоците на сите спортски форми од областа на физичката култура и спортот, социјално воспитување на членството, хуманизација на меѓучовечките односи и збогатување на содржината на користење на слободно време, да се грижи за нормално работење за обезбедување на нормалните и потребни услови на екипите, секциите, школите и друго во рамките на клубот, да соработува со државните и приватните претпријатија и клубот од градот во областа на каратето и активно да се вклучува во решавањето на прашањата и задачите што се преземаат на тој план, како и други работи предвидени со законот.

Карате клубот „Кочани" – Кочани стекнува својство на правно лице од 17.12.1999 година.

Од Основниот суд во Кочани. (43080)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението З.Г. бр. 911/99 од 25.11.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша следното:

I. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под Рег. број 579 се запишува здружението на граѓани Клуб за боречки спортови „ОКТАГОН"-Скопје со седиште во ОУ „Димо Хаџи Димов", општина Карпош, Скопје.

– Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Пецо Миноски од Скопје.

